Врз основа на член 20, став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11; 78/13; 33/2015 и 207/16), Друштво за производство трговија и услуги ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје со седиште на бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека Друштвото за производство трговија и услуги ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје на ден 02.02.2017 година поднесе Барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

**Назив на барателот**
Друштво за производство трговија и услуги ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје.

**Вид на енергетска дејност**
Производство на електрична енергија од обновливи извори од мала хидро електрана.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
Енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје ќе ја врши на локацијата К.П. бр. 465 и 461, К.О. Станци, Општина Крива Паланка, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста**
Друштво за производство трговија и услуги ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје ќе произведува електрична енергија во малата хидро електрана „Станечка Река 1“ со инсталирана моќност од 84 kW, изградена на доводен цевковод за водоснабдување од Станечка Река, произведената електрична енергија ќе се испорачува во дистрибутивната мрежа на ЕВН.

**Времетраење на лиценцата**
Друштво за производство трговија и услуги ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје, бара времетраењето на лиценцата да изнесува 30 години.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценцата:**
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, мислења и предлози во врска со поднесеното барање за издавање на лиценца во рок од 5 дена од денот на објавување на известувањето за барање во дневниот печат.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ул. Македонија бр.25. – „Палата Лазар Поп Трајков“ - 6-ти кат, 1000 - Скопје, Република Македонија**

**ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје**
**Ул. Булевар Св. Климент Охридски бр. 30**
**Скопје – Република Македонија**